Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 април 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Нуредин Нуредини од Скопје УП2 09-253/23 од 29 септември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-867 од 26 септември 2023 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-867 од 26 септември 2023 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Нуредин Нуредини од Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-253/23 од 29 септември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-867 од 26 септември 2023 година на КЕЦ Аеродром, издадено поради некомплетна документација, за приклучок на киоск.

Според Електродистрибуција – потребно е документацијата да се дополни со Решение за поставување на урбана опрема.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 19 октомври 2023 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-253/23 од 29 септември 2023 година;
2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 17 октомври 2023 година со прилог:

- Приговараното Решение
- Барање за согласност за приклучок на дистритубивна мрежа
- Потврда за исправност на електрична инсталација
- Решение за продажба на времени објекти – пакет киосци
- Договор за купопродажба на киосци
- Решение за уважување на жалба од Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка

- Имотен лист
- Еднополна шема

и на седницата беше заклучено Приговорот да се разгледува на наредната седница со физичко присуство на двете страни, при што на 1 ноември 2023 година Приговорот повторно беше разгледуван.

На таа седница беше заклучено ЕВН да достави информација за дали приклучокот бил времен или траен - и по кој основ е исклучено броилото, како и достава на финансиска картица, информација за дали имало неовластено користење на електрична енергија, и на кој датум е извршен тој увид.

Електродистрибуција на 25 ноември 2023 година достави одговор во кој наведе дека е утврдено дека киоскот е преместен и повеќе не се наоѓа на парцелата за која веќе има приклучок туку на друга парцела во близина. Притоа корисникот неовластено и без знаење на Електродистрибуција направил измени во приклучокот со цел времениот објект да се напојува на парцелата каде сега се наоѓа. Корисникот е исклучен од електродистрибутивната мрежа откако не доставил Решение за поставување на времен објект издадено од Град Скопје.

Потоа Приговорот повторно се разгледуваше на седници одржани на 29 ноември 2023 година, 16 јануари и 18 март 2024 година .

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Согласно член 19 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на РСМ“ бр. 191/19, 101/22 и 68/24) (понатаму: Мрежни правила) операторот на електродистрибутивниот систем (понатаму: ОДС) не смее да ги приклучува на дистрибутивната мрежа објектите за кои не е издадено одобрение за градење или решение за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект во согласност со закон за градење или не е издаден соодветен документ согласно закон.

Согласно член 20 од Мрежните правила приклучувањето на дистрибутивната мрежа се одвива преку спроведување на следните три постапки:

1) барање за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа,
2) склучување на Договор за приклучување на дистрибутивната мрежа помеѓу корисникот на дистрибутивната мрежа и ОДС и
3) ставање под напон на приклучокот.

Согласно член 24 став (1) точка 1) од Мрежните правила, за објекти за кои одобрение за градење не е издадено преку информацискиот систем е-одобрение за градење или за кои е издадено решение за утврдување на правен статус согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти, барањето за согласност за приклучување на потрошувач на дистрибутивната мрежа се поднесува во писмена форма до ОДС, на образец БСП – 1.

Согласно став (3) точка 1) од истиот член, барањето за согласност за приклучување на производител на дистрибутивната мрежа, се поднесува во писмена форма до ОДС, на образец БСП–2.

Согласно став (6), образецот БСП – 1 особено содржи:

1) Општи податоци за корисникот
2) Причина поради која се поднесува образецот
3) Број на предвидени мерни места
4) Барана едновремена максимална моќност
5) Потребни останати документи кои треба корисникот да ги достави во прилог на образецот

Согласно став (6) точка 5) – помеѓу потребни останати документи кои треба корисникот да ги достави во прилог на образецот е и доказ за сопственост согласно горенаведениот член 19 од Мрежните правила.

Согласно член 31 став (1) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, решението за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа на корисник на времен објект, урбана опрема, станици за полнење на електрични возила се издава по барање на корисникот и важи согласно рокот за поставување и отстранување на времениот објект, определен во Одобрението за поставување на времен објект, односно Одобрението за поставување на урбана опрема, издадено согласно Законот за градење.

Согласно став (2) од истиот член, решението за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа на градби за кои не е потребно одобрение за градење согласно Законот за градење се издава по барање на корисникот со приложување на Решение за изведување на градбата односно поставување на опремата, издадено согласно Законот за градење.

Согласно став (9) од истиот член, ОДС има право да ги исклучи корисниците од овој член во случај кога приклучокот не се користи за намената наведена во Решението за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа или ако истече рокот на важење на Решението за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа.

Согласно член 35 став (1) точка 1) од Мрежните Правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19 и 101/22), ОДС ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога во прилог на БСП 1, односно БСП 2, не е доставена комплетна документација согласно член 24 од овие Мрежни правила.

Барателот на приклучок во постапката пред Електродистрибуција не доставил комплетна документација односно не доставил Решение за поставување на урбана опрема за киоскот, а доставениот Имотен лист е за земјиште во сопственост на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–253/23**
**29 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**